РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1783/4
06-08-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 8-та седница одржана на ден 01.08.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката пред ДКСК по предметот број 12-1783/1 од 11.06.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

Наводите изнесени во пријавата со број 12-1783/1 од 11.06.2024 година, СЕ ПОТВРДУВААТ.

ДКСК констатира повреда на член 34 став 1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси и член 8-а став 1 алинеа 3 од Изборниот Законик.

ДКСК ќе постапи согласно член 17 став 4 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси и ќе покрене Иницијатива за поведување на постапка за утврдување на одговорност за службеното лице --------------------- - директор на ---------------------------------------„---------------" во ------------ (----„--------") до Градоначалникот на Општина ----------------.

Предметот со број 12-1783/1 од 11.06.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

ДКСК оформи предмет по Известување со број 12-1783/1, доставено од Државниот управен инспекторат на 11.06.2024 година. Државниот управен инспекторат ја известува Државната Комисија, за извршен редовен инспекциски надзор во ----„--------" ---------- согласно Месечниот план за вршење на редовен инспекциски надзор,

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

за кое што составил Записник ИП1бр.--------- од 28.05.2024 година, со наод за утврдена фактичка состојба, каде што констатирал дека директорот на ----- „------------------“ ------------ донел Решение за престанок на работниот однос на работникот -------------------, заведен под бр.----------/--- од 15.05.2024 година, вработен на работното место раководител на одделение за внатрешна ревизија при ---- „------------“ во --------.

Со цел утврдување на фактичката состојба, на 02.07.2024 година ДКСК се обрати до Државниот управен инспекторат, од каде побара во најкраток можен рок да изврши надзор и да ја извести Комисијата со доставување на целокупна документација, вклучувајќи и копија од записникот за извршен надзор и други акти донесени по истото.

На 10.07.2024 година, доставена е побараната документација од Државниот управен инспекторат и од извршениот увид во целокупната документација по оформениот предмет, ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:
На 22.05.2024 година ДУИ извршил инспекциски надзор во ----- „-------------“ во --------, каде што врз основа на разговорите со службените лица присутни при надзорот и увидот во предмет за утврдување на дисциплинска и материјална одговорност и престанок на работниот однос на административен службеник, е утврдено дека во текот на 2024 година заклучно на 22.05.2024 година, на работникот -------------------, распореден на работно место раководител на Одделение за внатрешна ревизија, му престанал работниот однос по сила на закон, односно по Барање од страна на Раководител на Правна служба заведен под бр.------------/--- од 23.04.2024 година, доставен до Дисциплинска Комисија на ----- „--------------“, Записник составен од одржаната седница на Дисциплинската комисија заведена под бр.------------/-- од 14.05.2024 година, Решение за престанок на работниот однос заведен под бр.---------------/-- од 15.05.2024 година доставена до вработениот на ден 17.05.2024 година, Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување-Образец М1/М2 од 15.05.2024 година за престанок на работниот однос на ден 15.05.2024 година. Од увид во Записникот за извршен надзор од ДУИ со Ип1број ----------- од 28.05.2024 година, ДКСК утврди дека заклучно на 22.05.2024 година, односно до денот на извршување на надзорот во субјектот на надзорот, не била започната постапка по поднесена жалба на административниот службеник на кој му престанал работниот однос со решение.

Согласно член 34 став 1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, како и член 8-а став 1 алинеа 3 од Изборниот Законик е предвидено дека, од денот на донесување на одлуката за распишување избори, до завршување

на изборот на претседател на Република Северна Македонија, пратеници во Собранието на РСМ и изборот на Владата на РСМ согласно со резултатите од изборите, не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.

Од сето погоре наведено, ДКСК констатира дека пријавените наводи се основани и согласно Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, ќе покрене Иницијатива за поведување на постапка за утврдување на одговорност за службеното лице -------------------------- - директор на ------------------------------------ „------------“ во ------------------- до Градоначалникот на Општина --------------------, поради прекршување на член 8а став 1 алинеа 3 од Изборниот Законик и член 34 став 1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: И.П., раководител на сектор
Одобрил: Ц.Р., член на ДКСК

Доставено до:
- Државен управен инспекторат

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk